**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ПОД НАСЛОВ „ЗАДАЧИ ПО ЛИНЕАРНА АЛГЕБРА“ ОД АВТОРИТЕ Д-Р МАРТИН ЛУКАРЕВСКИ И М-Р ЕЛЕНА ГЕЛОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика, на седницата бр. 102 од 20.4.2015 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– д-р Новак Ивановски, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
– д-р Татјана Атанасова-Пачемска, вонреден професор на Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип,

за преглед и оцена на ракописот „**ЗАДАЧИ ПО ЛИНЕАРНА АЛГЕБРА**“ од авторите д-р Мартин Лукаревски, доцент на Факултетот за информатика на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и м-р Елена Гелова, асистент-докторанд на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. По прегледот на ракописот, имаме чест на Наставно-научниот совет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот на доц. д-р Мартин Лукаревски и асистент-докторанд м-р Елена Гелова под наслов „Задачи по Линеарна алгебра“ е наменет за практикум по предметот Линеарна алгебра во првиот семестар за студентите на информатика, со неделен фонд на часови 2+1+1.

**Податоци за обемот на ракописот**

Ракописот содржи 68 страници на А4 формат. Материјалот е поделен во два дела: 1 дел - Задачи и 2 дел - Решенија.

**Краток опис на содржината:**

Секој дел содржи осум глави:

1. Векторски простори;
2. Линеарна независност. Бази и димензии;
3. Линеарни пресликувања;
4. Матрици;
5. Детерминанти и системи линеарни равенки;
6. Сопствени вредности;
7. Евклидови простори;
8. Дијагонализација.

Во првиот дел се дадени задачи коишто служат за практично објаснување и совладување на теоријата по предметот Линеарна алгебра. Прецизно глава по глава се следи ракописот „**Линеарна алгебра**“ на авторот доц. д-р Мартин Лукаревски. Задачите се бројни, разновидни и со различна тежина. Во вториот дел се дадени детални решенија од сите типови на задачи, како и одговори на сите задачи.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Ракописот претставува значаен авторски труд којшто како комплемент на ракописот „Линеарна алгебра“ на првиот автор во голема мера ќе им помогне на студентите, за коишто всушност првенствено и е наменет, во совладувањето на материјата по предметот Линеарна алгебра.

Според тоа, рецензентите имаат големо задоволство и почит на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му препорачаат да го прифати ракописот за практикум и да одобри негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Новак Ивановски,**
**редовен професор во пензија, с.р.**
**Д-р Татјана Атанасова-Пачемска,**
**вонреден професор, с.р.**